ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 35 и член 46 став 9 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), а во врска со член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр.32/20) и чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) и донесената Програма за изработка на урбанистички планови во Општината Битола за 2020 година бр.09-181/33 од 25.12.2019, Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**За организирање на ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА за ЛУПД за формирање на градежна парцела со намена Б3 – големи угостителски единици на КП 345 КО Дихово вон град, Општина Битола**

Јавната Презентација за ЛУПД за формирање на градежна парцела со намена Б3 – големи угостителски единици на КП 345 КО Дихово вон град, Општина Битола ќе се одржи на ден 11.09.2020 г. (петок) во 11.00 часот во салата на Советот на Општина Битола, на Бул. 1 ви Мај бр. 61 Општина Битола.

Границата на ЛУПД за формирање на градежна парцела со намена Б3 – големи угостителски единици на КП 345 КО Дихово вон град, Општина Битола е дефинирана по границите на катастарската парцела 345 и има површина од 1.33ха.

Графичкиот прилог од ЛУПД за формирање на градежна парцела со намена Б3 – големи угостителски единици на КП 345 КО Дихово вон град, Општина Битола а, ќе биде изложен во информацискиот систем за е-урбанизам, на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 11.09.2020 год. и на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панелот за јавна презентација и јавна анкета.

**Јавната анкета за ЛУПД за формирање на градежна парцела со намена Б3 – големи угостителски единици на КП 345 КО Дихово вон град, Општина Битола, ќе трае 8 работни денови почнувајќи од 11.09.2020 год. заклучно со 22.09.2020год.**

Во одредениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со ЛУПД, можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови, во писмена форма, кои можат да се подигнат од Општина Битола или во електронска форма преку информацискиот систем за е-урбанизам.

Се повикуваат правните и физички лица од конкретното подрачје на ЛУПД да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

08-761/3
02.09.2020 год.
Б И Т О Л А

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**м-р. Наташа Петровска**

